РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONË E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 01-4462/1
18-09-2026 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРАВИЛНИК

## За воспоставување и користење на систем за видеонадзор во Агенцијата за управување со одземен имот и во депоата (магацините) на Агенцијата

СКОПЈЕ СЕПТЕМВРИ 2026 ГОДИНА

Врз основа на член 21 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24, 37/25, 86/25, 101/25, 135/25 и 132/26) и во согласност со член 18 став 1 алиенја 10 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот 02-4368/2 од 02.12.2024 година, а во врска со чл. 89 и 90 од Законот за лични податоци ( Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20 и 294/21 ) и Правилник за начинот на вршење на видео надзор ( „ Службен Весник на Република Северна Македонија “ бр.122/20). Директорот на Агенцијата за управување со одземен имот , го донесе следниот:

# Правилник за воспоставување и користење на систем за видеонадзор во Агенцијата за управување со одземен имот и во депоата ( магацините) на Агенцијата

## I .Општи одредби

### Член1

Во овој правилник е содржан правниот основ за неговото донесување , наслов на актот, основни одредби и опис на системот за вршење на видеонадзор, цел на видеонадзор односно цели на обработка на личните податоци, категории на лични податоци, давање и пренос на лични податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор , технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на обработка на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор , овластени лица за обработка на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор, изјава за безбедност на обработка на личните податоци преку систем за вршење на видеонадзор, рок на чување на снимките од видеонадзорот, известување за вршење на видеонадзор, одредби за начинот на остварување на правата на субјектот на личните податоци , план каде е поставен системот за вршење на видеонадзор и преодни и завршни одредби. Видеонадзорот ќе се воспоставува и спроведува во согласност со Законот за заштита на личните податоци и со другите релевантни прописи кои ја регулираат оваа област.

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на видеонадзор во службените простории во Агенцијата за управување со одземен имот ( во понатамошниот текст Агенцијата), депоата ( магацините ) и плацевите, во својство на **Контролор**, технички и организациски мерки кои Агенцијата ги применува за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци обработени преку вршењето на видео надзор, рокот и начинот за чување на записниците од видеонадзорот и начинот на бришење на видеозаписите , како и правата и обврските на овластените лица кои имаат пристап до системот за видеонадзор. Во одновните одредби се утврдува опис на содржината на

актот за начинот на вршење на видеонадзор со опис на системот за вршење на видеонадзор ( аналогии, дигитални уреди и софтвер за видеонадзор).

Во согласност со став 1 на овој член контролорот ги опишува:

## II. Цели и обем на видеонадзорот

### Член3

(1) Целта на системот за видеонадзор е:

- Заштита на животот и здравјето на луѓето
- заштита на сопственоста,
- заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата
- обезбедување и контрола над влегување и излегување од службените и деловни простории,
- **спречување на неовластен пристап, уништување, кражба и оштетување на имот.**

## III. Опис и опфат на видеонадзорот

### Член4

Видеонадзорот се врши преку дигитални видео камери и систем за снимање ( фиксни) камери . Едната е поставена на влезот на Агенцијата при што истата е насочена кон влезната врата заради вршење контрола при влез во Агенцијата, другата камера е внатрешно поставена и насочена кон ходникот и работните простории на Агенцијата. Видео надзорот ќе се врши и во магацинските објекти на Агенцијата а согласно Законот за заштита на лични податоци.

Сите камери вршат постојано снимање на наведениот простор.

Видеозаписите се складираат на хард диск.

## IV.Периодична оценка

### Член 5

Контролорот односно офицерот за заштита на личните податоци врши периодична оценка на пристигнатите резултати од системот за вршење на видеонадзор на секои 2 ( две ) години.

Периодичната контрола од став 1 на овој член се однесува особено на:

- понатамошна потреба од користење на системот за вршење на видео надзор,
- целта, односно целите за вршење на видеонадзор,
- можни технички решенија за замена на системот за видеонадзор,
- статистички показатели за пристапот од снимките направени од видео надзорот и
- начин на користење на снимките

## V.Категории на лични податоци кои се обработуваат

### Член 6

Преку системот за видеонадзор во агенцијата се обработуваат следните категории на лични податоци:

- физички и физиолошки изглед на вработените
- физички и физиолошки изглед на странките и другите посетители кои влегуваат и излегуваат од службените простории во Агенцијата и депоата (магацините) во Агенцијата.

## VI. Технички и организациски мерки

### VI.1. Технички мерки

### Член7

Агенцијата ги обезбедува следните технички мерки за тајност и заштита на обработка на личните податоци преку системот за вршење видео надзор и тоа:

1. единствено корисничко име за секое овластено лице

2. пристапна лозинка креирана од секое овластено лице , составена од комбинација од најмалку 8 (осум) алфанумерички карактери ( од кои минимум една голема буква) и специјални знаци,

3. корисничко име и лозинка која овозможува пристап на овластено лице до системот за видео надзор во целина или за поединечни апликации

4. автматизирано одјавување на системот за видеонадзор после изминување на определен период на неактивност ( не подолго од 15 минути) и за повторно активирањена системот потребно е одново внесување на корисничко име или лозинката,

5.автоматизирано отфрлање на системот за видео надзор после 3 неуспешни обиди за најавување ( внесување на погрешно корисничко име или лозинка)

6.софтверска заштитна мрежа бариера firewall или рутер помеѓу системот за видео надзор и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа , како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот и

7. ефективна и сигурна анти вирусна заштита на информацискиот систем, која постојано ќе се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси

## VI.2 Организациски мерки

### Член 8

Агенцијата ги обезбедува следните торганизациски мерки за тајност и заштита на обработка на личните податоци преку системот за вршење видео надзор и тоа:

1.ограничен пристап или идентификација за пристап до системот за видеонадзор така што само овластени лица од Агенцијата можат да имаат пристап до системот.

2.секое овластено лице има ограничен пристап до системот за видео надзор во однос на симнување, гледање, и снимање на видео записите за што добива писмено овластување,

3. автоматско бришење ( overwrite) на видеозаписите по истекот на законскиот рок од 30 дена за нивно чување и и почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на опремата за вршење на видеонадзор.

4. мерки за физичка сигурност на просториите,

5. почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на опремата за вршење на видео надзор.Со превземањето на техничките и организациските мерки се оневозможува:

-случајно или незаконито уништување на снимките

- оневозможување на неовластено преправање , откривање или пристап при ообработка на видеозаписите и

- оневозможување на неовластен пристап до збирката на податоци од друга локација преку комуникациски уреди.

Овластувањето од точка 2 на овој член се врши и при било кои други промени во работниот статус или статусот на ангажирањето на овластеното лице што има влијание врз нивото на дозволен пристап до системот за видео надзор.

## VII. Евидентирање на пристапот и увидот

### Член9

За пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор Агенцијата води евиденција која ги содржи следните податоци:

- реден број

- име и презиме на овластено лице

- датум и време на пристапување до системот за видео надзор

- цел на пристапување до системот за видео надзор

- датум и час на направената снимка до која се пристапува

- датум и време, назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видеонадзорот

- запис за автоматизирано отфрлање од информацискиот систем

## VIII. Овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење видео надзор

### Член10

(1) Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор во Агенцијата може да има Администраторот на системот/одговорно лице за вршење на видео надзор или лице од редот на вработените во Одделението за информатичка технологија во Агенцијата, кое со посебен акт е овластено од Директорот на Агенцијата да има пристап до архивата на снимениот материјал (записи) во централна компјутерска единица за видео надзор.

(2) Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор во Агенцијата може да има и офицерот за заштита на личните податоци во Агенцијата при вршење на контроли кои се однесуваат на видео надзорот во Агенцијата (депоата) магацините и плацевите на Агенцијата.

(3) Овластените лица од ставот 1 и 2 на овој член , пред нивното отпочнување со работа

или пред пристап до системот за видео надзор на Агенцијата, своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработка на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор. Секој пристап и увид во снимките мора да биде евидентиран (датум, време, причина, лице кое извршило увид).

## IX. Рок на чување на снимките и прегледување на снимен материјал

### Член11

(1) Снимките направени од видео надзорот се чуваат на хард диск, каде што пристап имаат само администраторот на системот/одговорното лице за видео надзорот.

(2) Снимките од ст.1 на овој член се чуваат 30 (триесет) дена, а по истекот на тој рок автоматски се бришат од хард дискот на кој се чуваат.

(3) Снимките од видео надзорот на Агенцијата депоата (магацините), може да се чуваат и подолг временски периоод од периодот од ст.2 на овој член, само ако тоа е потребно согласно закон, но не подолго од исполувањето на целите.

**(4) За секое извлекување или зачувување на снимка за доказни цели се составува записник.**

### Член 12

Прегледувањето на снимениот материјал ( записи ) во централната компјутерска единица за видео надзор и увид во архивата може да се врши само врз основа на писмено одобрение од Директорот на агенцијата кое е рачно потпишано и заверено во архива со архивски број, а се однесува на барања од институции како што се Министерство за внатрешни работи и други надлежни органи, а по поднесување на писмено барање до Агенцијата. Во барањето задолжително се наведува причината и законскиот основ заради кој се бара прегледувањето на снимениот материјал

## X. Известување за вршење на видео надзор

### Член13

На видливо место на главниот влез на зградата на Агенцијата, внатре во објектот каде што се наоѓаат службените простории на Агенцијата и на видливи места во магацинските објекти , **ќе биде истакнато/ се истакнува** известување за вршење на видео надзор, во кое се содржани информациите дека се врши видео надзор од страна на агенцијата, за начинот на кој може да се добијат информации, за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

## XI. завршни одредби

### Член14

При обработката на личните податоци преку системот за видео надзор соодветно ќе се применуваат и другите одредби од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци(„ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и бр.294/21 ) и Правилник за начинот на вршење на видео надзор ( „ Службен Весник на Република Северна Македонија “ бр.122/20,

### Член15

Како составен дел на овој правилник се:

Изјава за обезбедување на безбедност на обработка на лични податоци преку систем за вршење на видео надзор (образец бр.1)

Овластување за вршење обработка на лични податоци (образец бр.2)

Изјава за прииватност при вршење на видео надзор (образец бр.3)

Известување за вршење на видео надзор (образец бр.4)

### Член16

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавен на веб страната на Агенцијата.

Директор на
Агенција за управување со одземен имот
Ирена Илиевска

Изработил: Неџмедин Фејзула
Контролирал: Сафет Црновршанин
Одобрил: м-р Анита Бошкова

**Образец број 1**

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на лични податиоци („ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20) и Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци(„ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и бр.294/21 ), на ____________ ја давам следнава

И З Ј А В А

за обезбедување безбедност на обработка на личните податоци

преку системот за вршење на видеонадзор

Јас долупотпишаниот/ната, ________________________________________________________________ ,

__________________________________, во Одделението за ________________________________________

Во Скторот за ________________________________ во ____________________________________________ ,

Согласно одредбите од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци

(„ Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.122/20), и документацијата за

Технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработка на личните податоци во __________________________________________________ се обврзувам дека:

- ќе ги почитувам начелата за заштита на личните податоци;
- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на обработка на личните податоции ќе ги чувам како доверливи личните податоци , како доверливи лични податоци , како и мерките за нивна заштита;
- ќе вршам обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од ____________________________________________________;
- на трети лица надвор од ________________________________________ и на други лица од ____________________________ нема да издавам било каков податок од збирките на лични податоци или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознаам при работа во ____________________________________________ .

Потпис,

Образец број 2

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на лични податоци ( Службен весник на Република Северна Македонија бр 42/20 )

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

(одговорно лице кај контролорот, односно обработувачот ( директор, министер и сл)

ОВЛАСТУВАЊЕ

За вршење обработка на личните податоци

во ______________________________

( назив на контролорот односно обработувачот)

(1) Сеовластува____________________

____________________________________________

(име и презиме) ( работно место)

______________________________________________________________________

Да врши обработка на личните податоци содржани во

____________________________________________

______________________________________________________________________

( да се наведе називот на збирката/те на лични податоци на пример збирка на вработените, збирка на ученици, збирка на корисници на социјална помош, збирка на осигуреници и сл.)

(2) Лицето од ставот 1 на ова овластување задолжително треба да

- Ги почитува начелата на заштита на личните податоци
- Врши обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од

______________________________________________________________________

(назив на контролорот/обработувачот)

- ги почитува техничките и организациски мерки мерки за обезбедување безбедност на личните податоци кои ќе ги дознае при работа во

______________________________________________________________________

( назив на контролорот/обработувачот( сектор/одделение)

- ги чува како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита

(3) Обемот на овластувања за пристап до личните податоци е

______________________________________________________________________

(да се опише обем на овластувања ( на пример, да внесува лични податоци, да брише, да корегира, да гледа и сл.)

(4.) Начин на пристап до личните податоци е

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

(да се опише дали овластено лице има пристап до личните податоци содржани во хартиена документација или до личните податоци кои автоматски се обработуваат или пристап на двата начина).

(5.)Рокот на важење на ова овластување за време додека е на работно место____________________

____________________________________ ____________________________________

(да се наведе на кое работно место ераспределено лицето) ( назив на контролорот/обработувачот)

(6) Оваа овластување влегува на сила со денот на донесувањето

М.П. Потпис на одговорно лице

____________________

Образец бр.3

# ИЗЈАВА

# ЗА ПРИВАТНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР

Оваа Изјава за приватност го објаснува видот на лични податоци што Агенцијата за управување со одземен имот (во понатамошниот текст: Контролор), ги собира од вас при посета на службените деловни простории и како Контролор ги користи овие податоци.

## 1. Зошто собираме (обработуваме) лични податоци?

Контролорот собира лични податоци преку системот за видео надзор од следните причини (цели):

- Да се контролира пристапот до објектот (зграда, влез, простории итн.) и да се обезбеди сигурност на објектот, безбедноста на вработените во Контролорот и посетителите, како и на имотот и информациите кои се лоцирани и се чуваат во просториите;
- За да се спречи, одврати и доколку е потребно, да се испита неовластен физички пристап, вклучително и неовластен пристап до безбедности и заштитени простории, ИТ инфрастуктура или оперативни информации; и
- Да се спречи, открие и да се испита кражба на опремата или средствата во сопственост на Контролорот, посетителите или вработените, или закани по безбедноста на персоналот кој работи во просториите (на пример пожар, физички напад итн.).

Системот за видео надзор не се користи за ниту една друга цел, како на пример да се следи работата на вработените или нивното присуство. Видео камерите се поставени така што не го покриваат околниот јавен простор. Камерите имаат за цел да дадат општ преглед на она што се случлува на одредени места, но не и да се препознаат лица. Системот за видео надзор исто така не се корист како истражна алатка или за да се добијат докази при внатрешни истраги или дисциплински постапки, освен ако не е во прашање безбедносен инцидент заради кој е воспоставен видео надзор согласно Законот за заштита на личните податоци (Во исклучителни околности, податоците може да бидат пренесени до истражните органи во рамките на формална дисциплинска или кривична истрага).

Камерите за видео надзор се инсталираат во просториите на Контролорот, и се поставени и фокусирани така што се снимаат само лица кои ќе пристапат до службените деловни простории (објекти и депоа).

Системот за видео надзор ја опфаќа областа на:  влезните и излезните места на зградата и депоата на Контролорот.

**2. Какви податоци собира Контролорот?**

Контролорот собира само слики фатени на камерите, при што не се врши тонско снимање.

**3. Кој е одговорен за обработка на податоци?**

Контролорот е субјект кое ја врши обработката на личните податоци и кое ги утврдува целите на обработка, единствено во согласност со Законот за заштита на личните податоци. Покрај тоа администраторот на системот/одговорното лице  за вршење на видео надзор, се лица за контакт .

**4. Кој е правниот основ за обработка на личните податоци преку системот за видео надзор?**

Контролорот користи опрема за видео надзор за да се наведе една или повеќе од наведените цели:

- Заштита на животот или здравјето на луѓето
- Заштита на сопственоста
- Заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата, при обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории. Затоа, обработката е законска согласно член 90 од Законот за заштита на личните податоци.

Покрај тоа, на влезот на Контролорот има видливо и јасно истакнато известување за видео надзор кои им овозможува на субјектите на лични податоци да се запознаат со вршењето на видео надзорот, како и за називот на Контролорот кој го врши видео надзорот и за начинот на кој може да се добијат информации и за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

**5. Кој може да ги види моите лични податоци?**

До видео записите може да се пристапи само од страна на овластени лица за видео надзор (на пример членовите на безбедносниот персонал на Контролорот или од ангажираната Агенција за приватно обезбедување). Пристапот до дигиталниот уред или дискот на кој се чуваат видео записите е ограничен, заштитен со примена на технички мерки за безбедност на податоците (лозинка, запис за секој настан или

акција од вработените, односно овластените лица). До податоците, односно до видео записите не може да се пристапи без овластување од страна на офицерот за заштита на лични податоци Неџмедин Фејзула.

**6. Како да ги конролирате податоци?**

Може да испратите барање до Контролорот преку е-пошта на info@odzemenimot.gov.mk, или на адреса кеј Димитар Влахов бр.4, 1000 Скопје (со моментална привремена адреса: Бул.Киро Глигоров бр.4).

**7. Можам ли да пристапам до моите податоци?**

Вие имате право да пристапите до вашите податоци во секое време и бесплано, со испраќање на барање до Контролорот, преку е-пошта на info@odzemenimot.gov.mk, или до офицерот за заштита на лични податоци Неџмедин Фејзула, преку е-пошта на nexhmedin.fejzula@odzemenimot.gov.mk.

**8. Можам ли да ги менувам моите податоци?**

Не е дозволено изменување на видео записот за видео надзор.

**9. Можам ли да побарам ограничување на обработката на моите податоци?**

Вие имате право да ја ограничите обработката на вашите лични податоци во секое време со испраќање на барање до Контролорот, преку е-пошта на info@odzemenimot.gov.mk, или до офицерот за заштита на лични податоци Неџмедин Фејзула, преку е-пошта на nexhmedin.fejzula@odzemenimot.gov.mk, кога ја оспорувате точноста на вашите лични податоци, или кога на Контролорот повеќе не му се потребни податоците за извршување на неговите задачи. Вие исто така можете да ја блокирате обработката и кога работењето е незаконско и вие се спротивставувате на бришење на податоците. Сепак, блокирањето не е можно во случај на службена истрага.

**10. Дали можам да ги избришам моите податоци?**

Вие имате право да ги избришете вашите податоци во секое време кога обработката е незаконска, со испраќање на барање до Контролорот, преку е-пошта на info@odzemenimot.gov.mk.

**11. Дали се споделуваат моите лични податоци со други лица?**

Вашите податоци се чуваат во Контролорот, освен ако не побарате од Контролорот или пак дадете согласност истите да бидат споделени. Во случај на споделување на вашите податоци со трети страни, ќе бидете известени на кого се октриени, за која цел и врз кој законски основ.

### 12. Дали имам право на приговор?

Да, имате право на приговор и да се спротивставите на обработката во било кое време со испраќање на барање до **Контролорот**, преку е-пошта на info@odzemenimot.gov.mk, или до **офицерот за заштита на лични податоци Нецмедин Фејзула**, преку е-пошта на nexhmedin.fejzula@odzemenimot.gov.mk.

### 13. Штом можам да направам во случај на проблем?

1) Првиот чекор е да го известите Контролорот со испраќање на е-пошта до info@odzemenimot.gov.mk и да побарате да ги преземе потребните мерки.
2) Втор чекор е доколку не добиете одговор од Контролорот или доколку не сте задоволни од истиот, потребно е да го контактирате **офицерот за заштита на лични податоци** Нецмедин Фејзула, со испраќање на е-пошта на nexhmedin.fejzula@odzemenimot.gov.mk.
3) Во секое време можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните, www.azlp.mk, која што ќе постапи по вашето барање и ќе ги донесе потребните мерки.

### 14. Кога ќе започне обработката на моите лични податоци преку системот за видео надзор?

Обработката започнува во моментот кога ќе ги посетите просториите на Контролорот.

### 15. Безбедност на личните податоци

Контролорот е посветен на заштина на вашите лични податоци. Поради тоа Контролорот користи безбедносни технологии и процедури со кои се заштитуваат вашите лични податоци пред се од неовластен пристап, употреба или откривање. Контролорот ги чува вашите лични податоци на компјутерски системи со ограничен пристап и во контролирана околина.

### 16. Колку долго ги чувате моите податоци?

Контролорот ќе ги чува вашите лични податоци 30 календарски денови по вашата посета во нашите простории, по што сите снимени видео записи автоматски се бришат.

Образец бр.4



# ВИДЕО НАДЗОР!

Назив на контролор:
Агенција за управување со одземен имот

Контакт информации за офицер за заштита на лични податоци
Неџмедин Фејзула
nexhmedin.fejzula@odzemenimot.gov.mk




Шема на Видео Надзор поставена во дирекцијата
на Агенцијата за управување со одземен имот




Шема на Видео Надзор поставен на Магацин Идризово
во
Агенција за Управување со Одземен Имот



Шема на Видео Надзор на објектот на влезот на депо
Идризово во
Агенција за Управување со Одземен Имот



Шема на Видео Надзор поставен на
Настрешница Идризово во
Агенција за Управување со Одземен Имот